АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 15.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 03 | 3735 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 октомври 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново во 2020 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал шест лица, од кои како новинари со висока стручна спрема биле ангажирани две лица. Поради тоа, на 14.09.2021 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3386/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 14-ти октомври 2021 година (Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице, издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и пет договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и пет физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно шест лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***